Број 12 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ септември 2017

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош, донесена на седумдесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 септември 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6911/1**
**Датум: 07.09.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и третата седница, одржана на 05 септември 2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештај од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош**

1. Со овој заклучок се усвојува Извештајот од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош.

2. Заклучокот да се достави до Сектор за поддршка и организација на работата на Советот на Општината и архивско-административни работи, Одделение за поддршка и организација на работата на Советот и Сектор за правни работи, Општина Карпош-Скопје.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-6703/3**
**Датум 05.09.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Решението за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош, донесено на седумдесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 септември 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6911/2**
**Датум: 07.09.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 46, став 1, алинеја 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и членот 30 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2015 – пречистен текст), Советот на Општина Карпош на седумдесет и третата седница, одржана на 05 септември 2017 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош**

1. На Иван Спировски му престанува мандатот член на Советот на Општина Карпош заклучно со 04 август 2017 година, на негово барање, поради служба која според закон е неспоива со вршењето функција член на Советот.

2. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 09-6703/4**
**Датум 05.09.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за распишување референдум на локално ниво во Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за распишување референдум на локално ниво во Општина Карпош, донесено на седумдесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 септември 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6911/3**
**Датум: 07.09.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 25, став 1 и член 28, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 6, став 2 и член 36, став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на РМ бр.81/05), Советот на Општина Карпош на седумдесет и третата седница, одржана на 05 септември 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување референдум на локално ниво во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош, по сопствена иницијатива распишува референдум на локално ниво за подрачјето на Општина Карпош заради изјаснување на граѓаните за населување и локална интеграција на мигранти на територијата на Општина Карпош.

**Член 2**

За одржување на референдумот граѓаните се известуваат преку јавен повик.
За ден на одржување на референдумот се определува ден недела, со почеток во 07.00 часот и трае непрекинато до 19.00 часот.
Референдумот се спроведува на гласачки места утврдени со закон.

**Член 3**

На референдумот се гласа на гласачко ливче печатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
На референдумот на локално ниво граѓаните на Општина Карпош ќе одговорат на следото прашање:

- Дали сте за населување и локална интеграција на мигранти на територијата на Општина Карпош?

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот „ЗА“ или „ПРОТИВ“.

**Член 4**

Изјаснувањето по референдумското прашање од член 3 на оваа одлука се спроведува со цел граѓаните од подрачјето на Општина Карпош да одлучат дали ќе дозволат да се населуваат и интегрираат мигранти на територијата на Општина Карпош.

**Член 5**

Одлуката на референдумот ќе се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список за Општина Карпош.
Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

**Член 6**

Доколку на референдумот се донесе негативна одлука на прашањето за населување и интегрирање на мигранти на територијата на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош ќе ги извести надлежните државни органи за донесената одлука.

**Член 7**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи во законски утврдениот рок, сметано од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на Референдум во Службен гласник на Општина Карпош.

**Член 8**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведе Општинската изборна комисија Карпош и општинските избирачки одбори.

**Член 9**

Средствата за спроведување на референдумот ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2017 година.

**Член 10**

Оваа Олука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“ .

**Број 09-6703/5** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 05.09.2017 година** — **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** — **м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок по доставено Известување од Министерството за труд и социјална политика за воведување на двосменско работење во јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Заклучокот по доставено Известување од Министерството за труд и социјална политика за воведување на двосменско работење во јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош, донесено на седумдесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 септември 2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6911/4**
**Датум: 07.09.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 67, став 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16), Советот на Општина Карпош, на седумдесет и третата седница, одржана на 05 септември 2017 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**по доставено Известување од Министерството за труд и социјална политика за воведување на двосменско работење во јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош**

1. Советот на Општина Карпош, во врска со доставено Известување од страна на Министерството за труд и социјална политика, за воведување на двосменско работење во јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош број 21-6682/1 од 29.08.2017 година, констатира дека не постојат услови за промена на почетокот и завршетокот на работното време на јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош, поради недоволен број на персонал и средства за зголемени режиски трошоци .
2. Советот на Општина Карпош, ќе пристапи кон одлучување по барањето од точка 1 на овој Заклучок, по обезбедување на потребните услови од страна на Министерството за труд и социјална политика, поточно одобрување на согласности за обезбедени финансиски средства за нови вработувања, како и зголемување на блок дотациите, согласно Известување број 21-6682/1 од 29.08.2017 година, доставено до Општина Карпош од страна на надлежното Министерство.
3. Заклучокот да се достави до Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.
4. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-6703/6** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум 05.09.2017 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на извештај од Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именување за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош и за утврдување на мандат на член на Совет до Советот на Општина Карпош, со Решение за објава,
2. Решение за утврдување престанок на мандат на член на Советот на Општина Карпош, со Решение за објава,
3. Одлука за распишување референдум на локално ниво во Општина Карпош, со решение за објава и
4. Заклучок по доставено Известување од Министерството за труд и социјална политика за воведување на двосменско работење во јавните установи општински детски градинки на територија на Општина Карпош, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**